# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**31.08.2006**<br>**БРОЈ 8 ГОДИНА 41** |


## С О Д Р Ж И Н А


| | | |
|---|---|---|
| 1. | ЗАКЛУЧОК ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ | 2 |
| 2. | ЗАКЛУЧОК ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ | 3 |
| 3. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА | 4 |
| 4. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „КОЧО РАЦИН“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 5 |
| 5. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ - ЛЕСКОЕЦ ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 6 |
| 6. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ - ПЕШТАНИ ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 7 |
| 7. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „БРАТСТВО-ЕДИНСТВО“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 8 |
| 8. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 9 |
| 9. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 10 |
| 10. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ - ВЕЛГОШТИ ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 11 |
| 11. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 12 |
| 12. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА | 13 |
| 13. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА МЈП „ПРОАКВА“ - СТРУГА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 ГОД. – 30.06.2006 ГОД. | 14 |
| 14. | ЗАКЛУЧОК | 15 |
| 15. | ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ЗАДАЧИ СПОРЕД ПЛАНОТ ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006г.- 30.06.2006г. | 16 |
| 16. | ЗАКЛУЧОК | 17 |
| 17. | ЗАКЛУЧОК | 18 |
| 18. | ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА | 19 |
| 19. | ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД | 22 |
| 20. | ЗАКЛУЧОК | 25 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за престанок на мандат на член на Советот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/2** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 155 од Изборниот законик (“Сл. весник на РМ“ бр.40/06) член 46 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/06) член 67 и 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

На советникот Цветко Грозданов му престанува мандатот член во Советот на општина Охрид, поради неспоивост со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Мандатот член на Совет му престанува од 08.07.2006 година.

**Број 07-1749/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за верификација на мандат на член, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/3**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ. бр.5/06) член 83 од Статутот на општина Охрид и член 12 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТ**

1.Се верификаува мандатот на советникот **ГОЦЕ ДИШЛИЕВСКИ.**

2.Мандатот на советникот ќе трае до завршувањето на мандатот на Советот.

**Број 07-1749/3**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Григор Прличев" - Охрид за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОУ „Григор Прличев" -Охрид за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.01-174/1 од 28.06.2006 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07- 1749/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „КОЧО РАЦИН“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Кочо Рацин“ - Охрид за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/5**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „КОЧО РАЦИН“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОУ „Кочо Рацин“ - Охрид за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.01-128/1 од 28.06.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/5**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ - ЛЕСКОЕЦ ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Ванчо Николески“ - Лескоец за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/6**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ - ЛЕСКОЕЦ ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОУ „Ванчо Николески“ - Лескоец за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.02-163/2 од 11.07.2006 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/6**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ - ПЕШТАНИ ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Св.Наум Охридски“ - Пештани за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/7**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ - ПЕШТАНИ ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОУ „Св. Наум Охридски“ - Пештани за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.03-211/2 од 30.06.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/7**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „БРАТСТВО - ЕДИНСТВО“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Братстство - Единство“ - Охрид за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/8**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „БРАТСТВО-ЕДИНСТВО“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОУ„Братство-Единство“ - Охрид за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.03-211/2 од 30.06.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/8**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ" - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Христо Узунов" - Охрид за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/9**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ХРИСТО УЗУНОВ" - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОУ „Христо Узунов" - Охрид за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.03-211/2 од 30.06.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-1749/9**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/10**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОУ „Св.Климент Охридски“ - Охрид за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.03-211/2 од 30.06.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/10**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ - ВЕЛГОШТИ ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Живко Чинго“ - Велгошти за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/11**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ ВЕЛГОШТИ ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на **ОУ** „Живко Чинго“ - Велгошти за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.03-120 од 30.06.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/11**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОМУ „Методи Патче“ - Охрид за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/12**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ОМУ „Методи Патче“ - Охрид за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.03-73/1 од 30.06.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/12**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ„ЈАСНА РИСТЕСКА" - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОУ „Јасна Ристеска" - Охрид за учебната 2005/2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/13**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА" - ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2005/ 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „ Јасна Ристеска" ОХРИД за учебната 2005/ 2006 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работа бр.172-01 од 17.07.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-1749/13**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА МЈП „ПРОАКВА"**
**ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 ДО 30.06.2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештај за работа на МЈП „Проаква" - Струга за периодот од 01.01.2006 до 30.06.2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/14**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА МЈП „ПРОАКВА" - СТРУГА**
**ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 ГОД. – 30.06.2006 ГОД.**

**Член 1**

**Се усвојува** Извештајот за работата на МЈП „Проаква" - Струга за периодот од 01.01.2006 год. – 30.06.2006 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлуката е Извештајот за работата на МЈП „Проаква" Струга бр.03- 1725 од 15.08.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-1749/14**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот со кој се задолжуваат МЈП „Проаква“ - Струга и ЈП „Охридски комуналец“ - Охрид да поднесуваат квартални а не полугодишни извештаи, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/14-1**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/06) член 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** МЈП „Проаква“ Струга и ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид да поднесуваат квартални, а не полугодишни извештаи. Во истите да се прикаже што е планирано со Програмата за работа во кварталниот период , а што е реализирано, со поднесување и на финансиски извештај.

**Број 07-1749/14-1**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ЗАДАЧИ СПОРЕД ПЛАНОТ ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 ГОД.- 30.06.2006 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештај за остварените задачи според планот за работа на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид и финансиски извештај за работењето за периодот од 01.01.2006 год.- 30.06.2006 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 42 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ ЗАДАЧИ СПОРЕД ПЛАНОТ ЗА РАБОТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2006 ГОД.- 30.06.2006 ГОД.**

**Член 1**

**Се усвојува** Извештајот за остварените задачи според Планот за работа на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид и финансискиот извештај за работењето за периодот од 01.01.2006 год.- 30.06.2006 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлуката е Извештајот за остварените задачи според Планот на ЈП “Охридски Комуналец“ - Охрид и финансискиот извештај за работењето за периодот од 01.01.2006 год.- 30.06.2006 год. бр.02-756/9 од 18.08.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1749/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р,**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот со кој се задолжуваат Градоначалникот и стручните служби на општината да поднесат извештај дали со ГУП или ДП за град Охрид е предвидена изградба на Кванташки пазар, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/15-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ“ бр.5/06) и член 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** Градоначалникот и стручните служби на општината на наредната седница до Советот да поднесат извештај дали со Генерален урбанистички план или со Детален план за град Охрид е предвидена локација за изградба на кванташки пазар, доколку не е предвидена, да се изнајде соодветно решение во согласност со урбанистичките планови.

**Број 07-1749/15-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.08.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот со кој се задолжува Градоначалникот и Стручните служби на општината да извршат операционализација на Законот за туристичка дејност и Законот за угостителска дејност, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/16**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/06) и член 83 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Градоначалникот и стручните служби на општината да извршат операционализација на Законот за туристичка дејност и Законот за угостителска дејност, во смисла да се изврши евиденција, наплата, категоризација, контрола и надзор над хотелско угостителските објекти и приватното сместување.

Вака поставената задача службите се должни да ја извршат во рок од три месеци од денот на усвојувањето на Заклучокот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** општинската администрација до Комисијата за туризам да достави Информација до каде е со реализацијата на Одлуката за основање Агеницијa за развој и унапредување на туризмот.

**Број 07 -1749/16**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на општината Охрид за 2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/17**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 3/96) и член 2 и 3 од Законот за Буџетите (“Сл.весник на РМ“ бр. 79/93, 3/94, 46/00, 11/01, 35/01, 93/01 и 46/02), Советот на опшптина Охрид на седницата одржана на 29.08.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

**I. ПРИХОДЕН ДЕЛ**

Во Буџетот на општина Охрид за 2006 година се врши зголемување на вкупниот приходен дел и истиот наместо 252.131.400.оо денари, ќе изнесува 352.000.000.оо денари.

Разликата (зголемувањето на Буџетот), изнесува 99.868.600.оо денари, и истата се должи на промената на следните позиции:

1. Зголемување се врши во следните ставки:
   - **713211 - Данок на наследство и подарок, износот 1.000.000.оо ден., се заменува со износ 2.300.000.оо ден.**
   - **713311 - Данок на промет на недвижности и права, износот 30.000.000.оо ден. се заменува со износ од 45.000.000.оо ден.**
   - **717136 - Комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила, износот 50.000.оо ден., се заменува со износ од 1.000.000.оо ден.**
   - **717129 - Други комунални такси, износот 300.000.оо ден., се заменува со износ од 2.000.000.оо ден.**

- **717137 - Надомест за уредување на градежно земјиште, износот 57.000.000.оо ден., се заменува со износ од 135.024.526.оо ден.**
- **717138 - Надомест за добивање на лиценци за угостителска дејност, износот 300.000.оо ден., се заменува со износ од 1.000.000.оо ден.**
- **722315 - Административни такси што се плаќаат кај органите на општината, износот 600.000.оо ден., се заменува со износ од 2.600.000.оо ден.**
- **722316 - Други локални такси, износот 2.000.000.оо ден., се заменува со износ од 2.600.000.оо ден.**
- **737117 - Приходи од продажба на општински имот, износот 100.000.оо ден., се додава.**
- **741114 - Пренесен вишок од претходна година, износот од 50.000.оо ден., се заменува со износ од 3.852.074 ден.**
- **741119 - Наменски дотации на општината за активности од пожарникарство, износот 6.835.776.оо ден. се заменува со износ од 7.277.776.оо ден.**

2. Намалување се врши во следните ставки:
   - **713111 - Данок на имот, износот 20.000.000.оо ден., се заменува со износ од 15.000.000.оо ден.**
   - **717132 - Комунални такси за истакнување на реклами, објави и огласи износот 500.000.оо ден., се замеува со износ од 250.000.оо ден.**

## II. ТРОШКОВЕН ДЕЛ

**Новопроектираниот износ - разлика на буџетот во висина од 99.868.600.оо ден. се распределува во следните Програми:**

## III. ИЗНОСИ ПО ПРОГРАМИ

| Ред. бр. | Програма | Буџет | Ребаланс | Зголемување | Намалување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Совет на општина АО | 10.134.960.оо | 10.221.960.оо | 87.000.оо | / |
| 2 | Градоначалник ДО | 2.965.000.оо | 3.204.900.оо | 239.900.оо | / |
| 3 | Администрација ЕО | 28.594.500.оо | 46.118.200.оо | 17.523.700.оо | / |
| 4 | Урбан.планирање Ф1 | 1.500.000.оо | 2.000.000.оо | 500.000.оо | / |
| 5 | Уред.на град.земјиште ФА | 11.085.940.оо | 14.653.940.оо | 3.550.000.оо | / |
| 6 | Поддр.на лок.ек. развој Г1 | 1.000.000.оо | 1.220.000.оо | 220.000.оо | |
| 7 | Поттик на развој на туризам Г2 | 7.486.000.оо | 7.196.000.оо | / | 290.000.оо |
| 8 | Јавно осветление Ј3 | 12.265.000.оо | 12.265.000.оо | 1.000.000.оо | / |
| 9 | Јавна чистота Ј4 | 2.350.000.оо | 3.100.000.оо | 750.000.оо | / |
| 10 | Одржување на лок.патишта Ј6 | 6.670.000.оо | 10.710.000.оо | 4.040.000.оо | / |
| 11 | Одрж.и корист. на паркови и зеленило Ј7 | 1.000.000.оо | 1.000.000.оо | / | / |
| 12 | Други комунални услуги Ј8 | 900.000.оо | 1.100.000.оо | / | / |
| 13 | Изградба на јавно осветление ЈА | 7.310.000.оо | 9.500.000.оо | 2.190.000.оо | / |
| 14 | Изградба и реконструкција на лок.патишта ЈД | 47.500.000.оо<br>2.000.000.оо<br>(донација) | 87.300.000.оо<br>2.000.000.оо<br>(донација) | 39.800.000.оо | / |
| 15 | Изградба на сообраќајна сигнализација ЈФ | 3.500.000.оо | 5.100.000.оо | 1.600.000.оо | / |
| 16 | Изградба на системи за водоснабдување ЈГ | 8.100.000.оо | 13.100.000.оо | 5.000.000.оо | / |
| 17 | Изградба на системи за | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | одведување и пречистување на отпадни води ЈИ | 14.000.000.оо | 29.500.000.оо | 15.500.000.оо | / |
| 18 | Урбана опрема (кап.расходи) ЈН | 300.000.оо | 300.000.оо | / | / |
| 19 | Одржување на урбана опрема ЈО | 200.000.оо | 200.000.оо | / | / |
| 20 | Спорт и рекреација ЛО | 2.000.000.оо | 2.000.000.оо | / | / |
| 21 | Детски градинки М1 | 1.500.000.оо бу<br>5.870.720.оо с.ф<br>3.493.983.оо н.д | 1.500.000.оо бу<br>5.870.720.оо с.ф<br>3.493.983.оо н.д | / | / |
| 22 | Основно образование Н1 | 10.800.000.оо бу<br>9.946.500.оо с.ф<br>11.019.950.оо н.д | 10.800.000.оо бу<br>9.946.500.оо с.ф<br>11.019.950.оо н.д | / | / |
| 23 | Средно образование Н2 | 2.700.000.оо<br>19.086.000.оо с.ф<br>5.345.411.оо н.д | 2.700.000.оо<br>19.086.000.оо с.ф<br>5.345.411.оо н.д | 8.000.000.оо | / |
| 24 | Превоз на ученици Н3 | 3.438.060.оо н.д | 3.438.060.оо н.д | / | / |
| 25 | Противпожарна заштита ЊО | 1.224.600.оо бу<br>6.835.776.оо н.д | 740.600.оо бу<br>7.277.766.оо н.д | 442.000.оо | 484.000.оо |
| | **ВКУПНО** | **252.131.400.оо** | **352.000.оо** | **100.642.600.оо** | **774.000.оо** |

**Член 2**

Поблиска намена на промените во Програмите по ставки и потставки дадена е во посебниот дел, кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07 -1749/17**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА ОХРИД ЗА 2006 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на општината Охрид за 2006 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/17-1**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.2/02), член 23, став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 96/04) и член 42 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 06/05), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Буџетот на општина Охрид за 2006 година (во понатамошниот текст Буџет), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности;
- Буџет на донации;
- Буџет на дотации;

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично, согласно Програмите и планските одредби.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот Буџет на општината, како и расходите, со формирање на работни групи кои ќе ги следат и утврдат приоритетите при реализацијата на Програмите.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Прераспределбата на утврдените средства меѓу трошковните ставки до износ од 100.000.оо денари, по трошковна ставка се врши со Решение на градоначалникот.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на Буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и / или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување / зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финасиски план по квартали за користење на одобрените средтства..
Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник ги извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат за:

- избраните и именуваните лица нето појдовна основа за 1 коефициент иснесува просечно исплатена месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година;

- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 40.10 денари.

**Член 10**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно даден писмена изјава, се исплатува сано за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900.оо денри.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работно место не им следува надоместок за превоз.

**Член 11**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) ќе се исплатува согласно законската регулатива.

**Член 12**

Надоместоците за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 800.оо денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

**Член 13**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се испалтуваат.

**Член 14**

Користењето на средтвата од Буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по одделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршење на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само ограничени поединечни износи во противврдност од 100.оо EUR каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува градоначалникот.

**Член 16**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните Програми и Потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 17**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите на систематизацијата.

**Член 18**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им пропаѓа на други органи.

**Член 19**

Буџетот на општината Охрид се извршува од 01.01.2006 до 31.12.2006 година.

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“ а ќе се применува до 31 Декември 2006 година.

**Број 07-1749/17-1**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот со кој се задолжуваат Градоначалникот и надлежната служба до Комисијата за финансии и буџет да доставуваат месечни извештаи за приливот на средства во Буџетот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 година.

**Број 08-1749/17-2**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр.5/06) и член 83 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.08.2006 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ДОСТВУВАЊЕ МЕСЕЧНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИЛИВОТ НА СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** Градоначалникот и надлежната служба, до Комисијата за финансии и буџет да доставуваат месечни извештаи за приливот на средства во Буџетот по сите основи, со цел пратење на реализирање на Буџетот од приходна страна.

**Број 07-1749/17-2**
**29.08.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**